UDC: 343.222:347.155]:340.13(497.7)
340.63(497.7)(078.7)

# LEGAL-MEDICAL ASPECTS OF GUILT CAPACITY

**Manchev Gjorgi**
Master of Law, PhD student of Criminal Law, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip
gjorgjimanchev@gmail.com

**Abstract**

The phenomenon of human aggression has always aroused interest in both the lay and scientific world, and it is becoming an increasingly interesting topic in our everyday life. We are witnessing an enormous wave of human destructiveness, which is present in the world, as well as our country. The phenomenon of aggression is becoming very relevant, not only for psychiatrists, psychologists, sociologists and psychoanalysts, but also for ordinary people and it seems, mostly for us, ordinary people who cannot understand how suddenly, among us, the very well-known saying "a man is a wolf to a man" started applying. In this paper we will get to know what human aggression is, the determination of guilt as to whether a perpetrator of a crime is accountable or not accountable for the crime he commits, that is, whether he can be tried for a specific case or not.

***Keywords**: human aggression, sanity, incalculablity, crime, guilt capacity*

# ПРАВНО-МЕДИЦИНСКИ АСПЕКТИ НА СПОСОБНОСТА ЗА ВИНА

**Манчев Ѓорѓи**
Магистер по право, докторанд на Казнено право, Правен Факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип
gjorgjimanchev@gmail.com

**Апстракт**

Феноменот на човековата агресија отсекогаш побудувал интересирање и во лаичкиот и во научниот свет и таа станува се повеќе интересна тема во нашето секојдневие. Ние сме сведоци на еден енормен бран на човековата деструктивност, која е присутна како во светот така и кај нас. Феноменот кај агресијата, станува многу актуелен, не само за психијатрите и за психолозите, за социолозите и за психоаналитичарите, туку и за обичниот човек и се чини, најмногу за нас, обичните луѓе кои не можат да сфатат како наеднаш, меѓу нас, почна да се применува онаа многу добро позната изрека „човек на човека му е волк". Во овој труд ќе се запознаеме со утврдувањето на вина за тоа дали еден извршител на кривично дело е пресметлив или не е пресметлив за делото кое го извршува, односно дали може да му се суди за одреден случај или не. Ќе разгледаме и случај од пракса односно судско-психијатриско вештачење за да можеме да видиме низ праксата на судиите и судските вештаци дали едно лице кое извршило убиство може да биде ослободено од вина.

***Клучни зборови**: човекова агресија, пресметливост, непресметливост, кривично дело, утврдување вина.*

## ВОВЕД

Правниците ја познаваат оваа област од предавањата по кривично право. Судските психијатри ја познаваат од својата соработка со судовите. Докторите, во својата секојдневна работа со болните од било која причина не се сретнуваат со оваа материја никогаш. Психијатарот кога лекува душевно растроена личност не размислува за „правната" страна на таа болест, зошто неговиот интерес е да постави само правилна дијагноза и правилна терапија за да може да го ресоцијализира болниот. Не е редок случајот душевно болниот во еден момент од својата болест (или надвор од неа) да се судри со кривичното право, а потоа за него да се бара изјаснување од страна на психијатарот.

Сторителот се смета за непресметлив ако во времето на извршување на кривичното дело не можел да го сфати значењето на своето дело или не можел да управува со своите постапки поради трајна или привремена душевна болест, привремена душевна растроеност или заостанат душевен развој.

-Сторителот на кривичното дело (Новотни Љ.(1998); Судска психијатрија стр.35; НИП „Студентски збор"; Скопје), чија способност да го сфати значењето на своето дело или способноста да управува со своите постапки била или е битно намалена поради некоја друга состојба, може да се казни поблаго (битно намалена пресметливост).

-Кривично е одговорен сторителот на кривичното дело којшто со употреба на алкохол, droги или некој друг начин се довел себеси во состојба во која не можел да го сфати значењето на своето дело или да управува со своите постапки, ако пред да се доведе во таа состојба делото било опфатено од неговата умисла или во однос на кривичното дело кај него постоела небрежност, а Законот за такво дело исто така предвидува кривична одговорност и за небрежност.

Следејќи го Кривичниот законик можеме да воочиме дека тој обработува три судски (поточно судско-психијатриски) квалификации: непресметливост, битно намалена пресметливост и *actiones liberae in causa* (Марјановиќ Ѓ.(1982); Кривично право – општ дел; Предавања по кривично право).

### 1. Способност за вина (Пресметливост, непресметливост и битно намалена пресметливост)

#### 1.1. Пресметливост, непресметливост

Овде, уште на почетокот се сретнуваме со заемното дејство меѓу три работи: способноста за вина, пресметливоста и кривичната одговорност, а нивната врска е тоа дека едно лице може да биде кривично одговорно само ако е пресметливо и само во тој случај е способно за вина, односно, без способност за вина нема кривична одговорност.

Во законот не се дефинира пресметливоста, туку се дефинира само непресметливоста. Поточно Кривичниот закон одредува кога едно лице може да се смета за непресметливо, па така поимот пресметливост се изведува посредно. Кривичниот закон не ја одредува пресметливоста поради фактот што за секој човек се претпоставува дека е пресметлив, па таа никогаш не се испитува се додека нема индиции кои упатуваат на непресметливост. Тоа е така и поради тоа што пресметливоста не се докажува во врска со болеста или состојбата што ја поседува лицето, туку во врска со извршувањето на кривичното дело или пократко речено, пресметливоста е врзана само за кривичното дело и тоа за едно, само за она кривично дело што сега го сторил и за кое се бара стручно мислење. Веќе е познато дека една иста личност со одредена болест за едно дело е пресметлива, но за друго целосно непресметлива. Ѓорѓи Марјановиќ

[1] вели дека оцената за пресметливоста и за непресметливоста е во рацете на судот без оглед на тоа што разбирањето на биолошките основи на непресметливоста на обвинетиот, како и давање мислење за нивното влијание врз способноста за сфаќање и за контрола на постапките на обвинетиот е во рацете на вештакот. Според самата природа на нештата, во оваа операција мора да се воспостават односи на соработка помеѓу вештакот и судот.

Втората реченица во овој цитат е веќе напредок во мислењето на правната наука дека само таа „може да даде оценка за пресметливоста". Меѓутоа, тешко може да се брани одлуката на еден судија кој „одлучил" дека обвинетиот е пресметлива личност, кога веќе има мислење од искусен вештак со 25 години судско психијатриско искуство дека обвинетиот делото го сторил во непресметлива состојба. Навистина се вели дека правникот треба по малку да биде психијатар, а психијатарот да биде по малку правник и тоа е неопходно за да можат едните со другите да функционираат во заедничката работа. Ако правникот се однесува како поголем психијатар од судскиот психијатар, и обратно, грешките се неминовни и неповратливи.

Значи, може да се заклучи дека институцијата и поимот пресметливост е навистина правен поим, но до него се доаѓа чисто и само по медицински пат. И кога ќе се земе предвид дека нема точна и прецизна проценка на пресметливоста, дека се засновува врз психијатриска и психолошка претпоставка, дека секое мислење за пресметливоста е во голем процент хипотетично, останува прашањето, како може правникот сам да даде проценка без добра соработка со вештакот? Судот треба, а и мора да има доверба во искуството, стручноста и добронамерноста на вештакот, зошто тој по многу тежок и трнлив пат дошол до својот заклучок.

Непресметливоста или сторителите на кривичните дела кои треба да се сметаат за непресметливи е дефинирана во Кривичниот законик. Останува да се каже дека во сите учебници на правната и на судско-медицинската наука стои дека непресметливоста се утврдува само со овие три методи:

**1.1.2. Биолошка метода (**Новотни Љ.(1998); Судска психијатрија; НИП „Студентски збор"; Скопје) – со која се утврдува причината за непресметливоста, односно дали кај сторителот постои некое душевно растројство или состојба каква што не е назначена во Кривичниот законик. Но, веднаш треба да се додаде дека тоа што сторителот боледувал од некоја болест, на пример, од шизофренија, не мора да значи ништо за неговата пресметливост tempore criminis, затоа што за повеќе кривични дела тој може да биде пресметлив.

**1.1.2. Психолошка метода (**Новотни Љ.(1998); Судска психијатрија; НИП „Студентски збор"; Скопје) – со која се одредува непресметливоста само врз основа на психопатолошкото одвивање на психичките функции на сторителот, не интересирајќи се за етиологијата на психопатолошкото растројство кое го има лицето. Тоа значи дека, психолошката метода ги одредува само манифестациите на душевната состојба.

**1.1.3. Биолошко-психолошка метода (**Новотни Љ.(1998); Судска психијатрија; НИП „Студентски збор"; Скопје) – со која се бараат две работи: прво, определување на биолошките основи на непресметливоста што значи дека постои трајна или привремена душевна болест, привремена душевна растроеност или заостанат душевен развој и второ, ако постои нешто од горенаведеното, каков одраз имало тоа врз способноста за сфаќање на значењето на стореното кривичното дело и врз способноста да се управува со своите постапки. Притоа, треба уште еднаш да се спомне дека кривичното право не го интересира одразот на душевната болест или состојба врз способностите за сфаќање и за управување со своите постапки воопшто, туку само за тој одраз врз конкретното кривично дело.

Биолошката состојба на сторителот на одредено кривично дело судскиот психијатар ќе ја одреди користејќи се со познатите психијатриски и психолошки методи во психијатријата. За правникот се појаснува дека психијатријата под трајна душевна болест подразбира некое душевно заболување како што е шизофренијата, деменцијата и други, под привремена душевна болест – како на пример: манија, депресија, симптоматски психози, а под заостанат душевен

[1] Ѓорѓи Марјановиќ – професор по кривично право, почесен претседател на Лигата за демократија и дисидент од времето на комунизмот.

развој, некоја состојба на ментална ретардација, на пример: дебил, идиот, имбецил кои се исфрлени од употреба.

Одразот на биолошката состојба врз способноста на сфаќање на значењето на делото и за управувањето со постапките ќе му прави извесни тешкотии на судскиот психијатар од причина што тој не го опсервира кривичното дело „за да го воочи однесувањето во текот на извршувањето на делото", макар што сфаќањето на делото не е можно да се заклучи ни со опсервација.

Сфаќањето на значењето на своето дело, односно способноста за расудување и интелектуалниот елемент на пресметливоста – овде не мора ништо да значи фактот што сторителот е, на пример, душевно болен, затоа што кај многу душевно болни интелектуалниот дел од личноста е зачуван. Затоа треба да се открие дали сторителот за време на извршување на делото бил во состојба да оцени какво општествено значење има тоа што тој го прави, дали е штетно или корисно, дали знае или не знае што прави, а тоа ќе се открие ако се следи однесувањето на сторителот tempore criminis, или ако пред тоа и потоа се види дали самиот се пријавува или се прикрива, дали се обвинува и бара казнување, дали останува пасивен, дали планирал или не, дали од сето тоа имал корист или не. Потоа е неопходно да се дознае дали делото е направено импулсивно или е направено „за да се спаси општеството".

„*Способноста да се управува со своите постапки не е ништо освен волунтаристички елемент на пресметливоста. Да управуваш со своите постапки тоа значи дека си во состојба да одлучуваш. Меѓутоа, во психопатологијата се познати повеќе состојби и болести кај кои постојат опсесивно-компулзивни или присилни феномени и дејства кај кои сторителот не е во состојба да им се спротивстави, па според тоа и да одлучи во тој момент, односно да управува со своите постапки. На пример, присилни феномени кај шизофренијата, присилни мисли и дејства кај одделни форми на неврози – клептоманија и пироманија. Управувањето со сопствените постапки е волев момент што значи дека неспособноста да се управува со своите постапки би значело и растројство на волевата дејност кај личноста"*[2].

Постојат повеќе состојби кај кои личноста не е способна да управува со своите постапки меѓутоа Кривичниот закон ги признава само оние што се опишани како трајна или привремена душевна болест, привремена душевна растроеност или заостанат душевен развој. Меѓутоа, неможноста да се управува со своите постапки не мора да значи и сигурна непресметливост. Тука е неопходно содејство и со другите горенаведени елементи на пресметливоста.

### 1.2. Битно намалена пресметливост

Битно намалената пресметливост (Арнаудовски Љ.(2007); Криминологија стр.736; 2 Август Штип; Скопје) е опфатена во Кривичниот законик. Тоа е направено така затоа што меѓу пресметливоста и непресметливоста постојат многу состојби кои не спаѓаат ни во едната ни во другата група. Тоа значи дека овие личности не спаѓаат ни во пресметливи лица ни во непресметливи лица. А тоа е важно затоа што институцијата битно намалена пресметливост е единствена основа за сторителот поблаго да се казни.

Битно намалената пресметливост претставува „особено олеснувачка околност" за ублажувањето на казната. Меѓутоа, ублажувањето на казната не може да оди по слободна проценка и волја на судот, туку постојат одредени „граници на ублажување на казната". Во одделни случаи може да биде применета и мерка на безбедност, особено ако присутниот биолошки момент може и треба да биде подложен на лекување.

Одредувањето на битно намалената пресметливост ги има сосема истите тешкотии како и одредувањето на непресметливоста. Многу е важно да се анализираат делата и сторителите на кривични дела затоа што не треба да се дозволат грешки со кои одделни психијатриски групации како на пример, психопати или социопати, кои често запаѓаат во афективни состојби стануваат повластени за своите дела и тоа постојано. Вистина е дека лекарот треба да биде поблиску до болниот за да го штити, меѓутоа општествената заедница мора секогаш да му е во прв план.

---

[2] Љубиша Новотни – првенец на македонската невропсихијатрија, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје, основоположник на судската психијатрија во Македонија

**2. Actiones liberae in causa**

Actiones liberae in causa односно „скриена непресметливост“ е институт во кривичното право кое се дефинира како состојба во која сторителот е непресметлив, но самиот тој се довел во состојба да биде таков.

Она што го има систематизирано Ѓорѓи Марјановиќ (Марјановиќ Ѓ.(1982); Кривично право – општ дел; Предавања по кривично право; Скопје) во својот учебник по кривично право е следново:

1. Да постои состојба на непресметливост, и тоа не само на „привремено душевно растројство“, туку секоја состојба во која е исклучена состојбата за расудување или одлучување како сон, замор.
2. Сторителот да бил способен за вина во моментот кога се има доведено во таква состојба (значи бил пресметлив).
3. Да се довел самиот себе во таква непресметлива состојба како на пример, да повика друго лице да му даде дрога).
4. Делото што го има сторено во ваква состојба да е опфатено со неговата умисла или во однос на кривичното дело кај него да постоела небрежност.
5. Ако станува збор за извршување кривично дело во кое кај сторителот постоела небрежност, единствен услов е законот да предвидува кривична одговорност и за небрежност.
6. Сторителот не смее да ја ужива привилегијата на ублажување на казната, особено затоа што такво ублажување нема ни за оној што се довел во наполно непресметлива состојба.

**3. Студија на случај**

*Најтешкото злостортво што човек на човека може да му го стори е убиството. Затоа сега ние зборуваме за убиствата, а особено за убијците, за нивното однесување за време на извршувањето на делата и за нивните дилеми и каења по извршувањето на убиствата.*

*Во прилог ќе разгледаме едно судско-психијатриско вештачење каде што ќе утврдиме дали еден сторител на кривично дело – убиство, може да биде ослободен од вина и под кои услови. Судско-психијатриското вештачење е преземено од книгата на сега покојниот проф. д-р Љубиша Новотни кој зад себе има оставено многу стручна литература, труд и знаење за наредните генерации на доктори, па и на правници, како што можеме да видиме и во овој труд колку правото и медицината можат да бидат поврзани. Случајот може да се најде во книгата „Судска психијатрија“ во поглавјето „Убиство во афект“ од проф. д-р Љубиша Новотни издадена од НИП „Студентски збор“ во Скопје 1998 година од 159 до 164 страна.*

Обвинетата Ш. Од страна на „Окружниот суд“ во Скопје за стореното дело е осудена на шест години строг затвор. Врховниот суд на Македонија ја укинува пресудата и наложува психијатриско вештачење од кое што ќе се види „душевната состојба на обвинетата за време на вршењето на кривичното дело“.

Од судските списи е можно да се види дека на критичниот ден, утрото, покојниот К. отишол со другите соселани на заедничка селска работа копајќи бразда за наводнување на бавчите. Таму се задржале до околу 15 часот. На враќање дома, поради консумирање извесна количина алкохол преку денот, покојниот К. се наоѓал во пијана состојба. Кога дошол дома, побарал да му се даде јадење и бидејќи жената на покојниот се наоѓала на работа во бавчата, јадење му донела обвинетата Ш. Кога обвинетата сакала да излезе, К. ја стигнал на чардакот, ја соборил на подот и со сета сила легнал врз неа. Почнал да ја допира за градите и да ја соблекува за да ја силува. Притоа, во еден момент обвинетата успеала да се оттргне, да ја дофати секирата што се наоѓала во непосредна близина на нејзините раце и што стоела на „вообичаеното место“ и со сечивото го удрила во предниот дел на главата, а потоа по предниот дел од телото под вратот. Не е во состојба да каже колку пати го удрила со секирата бидејќи „дејствувала како во бесвесна состојба“.

Обвинетата изјавува дека К. претходно на три пати се обидел да ја силува. Првиот пат, кога таа работела во бавчата, покојниот ѝ се приближил, неосетно почнал *„да ја фаќа за градите*

*и да и го крева фустанот"*. Вториот пат, покојниот ја нападнал во плевната, а третиот пат во шумата, кога таа берела костени. За сето ова таа им кажала на своите сестри, по што дознала дека и ним им се случувало сличното, кога тие биле уште немажени.

Врз основа на увидот во документацијата од судските списи, врз основа на психијатриската опсервација спроведена на Клиниката за нервни и душевни болести во Скопје, како и врз основа на дополнителните испитувања, вештите лица констатирале дека обвинетата Ш. во моментот на извршување на кривичното дело се наоѓала во состојба на привремена душевна нарушеност. Ш. е личност, која до денот кога е извршено кривичното дело, била пристојна и незабележлива во својата околина. Уредна и дисциплинирана на работното место, во селото била сметана за сериозна и скромна личност. Меѓутоа, на критичниот ден се регистрираат два тешки факта. Првиот: обвинетата извршува многу тешко и крваво злосторство, и вториот, жртвата е нејзиниот татко.

Во околностите кои непосредно му претходеле на кривичното дело, потоа за време на истото, како и од тоа што по ред се случувало до нејзиното лишување од слобода, можат да се воочат факти кои стриктно можат да се поделат, но не и да се редуцираат само на основните податоци кои се собрани од лица кои не биле директни сведоци на она што се случувало помеѓу ќерката и таткото. Сепак ако се појде, а тоа е направено, од интерпретирањето на настаните од лицата кои, на некој начин, повеќе или помалку, биле вмешани во извесен временски период на критичниот ден и ако нивните изјави се земат предвид, во тој случај треба да се акцептира и интерпретацијата на обвинетата, што треба да се респектира рамноправно.

За време на опсервирањето и во разговорите на кои обвинетата била подложена за време на престојот на Клиниката, таа упорно стоела на своите изјави и описи, што не може да се занемари. Не отстапувала ни од тоа дека на критичниот ден била сексуално нападната од својот татко, кога тој се наоѓал во алкохолизирана состојба. Во податоците кои самата ги дава, обвинетата нагласува дека во тој момент не ѝ паднало ни на памет дека таткото би можел да се обиде уште еднаш да ја злоставува, сè до моментот кога почнал да ѝ се насмевнува и да ѝ се приближува. *„Тогаш сфатив"*, вели обвинетата, *„дека ќе се повтори...она"*. Ако злоставувањето како факт не може во овој случај да се докаже, сигурно е дека не може ни да се исклучи бидејќи, како што нема докази дека обвинетата е злоставувана, така нема ни докази дека не е злоставувана.

Во понатамошниот опис, во моментот кога се борела со својот татко, обвинетата ги дала овие податоци: *„Кога се борев, јас мавтав со рацете ... бев уплашена ... барав нешто со што ќе се бранам и тогаш кога ја видов секирата си реков – во секирата ми е спасот..., беше веќе доста што правеше со мене..."*

Речениците кои што се слушнале надвор од куќата, а кои се изнесени од неколку сведоци: *„Аман тате немој ... немој тате ... немој тате"* не можат да се отфрлат и тие се доказ дека обвинетата била злоставувана, па според тоа не може објективно да се остане на тоа дека обвинетата нападнала или пак, се бранела од таткото без некоја посериозна причина.

Погрешно би било задржувањето само на анализата на чинот без да се разјасни што му претходело на овој чин. Ако се тргне од фактот дека обвинетата била изложена на некој напад, што до сега не е побиено, таа како личност која не е лесно раздразлива, ниту пак лабилна, морала да има некој голем личен или општ повод како мотив за дејствување на таков посебен начин. Со одбраната раководи страв, очај и бес, превладува афективно – нагонскиот порив што, од своја страна го нарушува логичното размислување. Овде не постои време за размислување. Во дадениов случај, секирата е одбранбен предмет што во тој момент бил единствено пристапен во видното поле на обвинетата.

Таа сега го опишува чинот на следниов начин: *„Се сеќавам дека тој не беше тогаш во исправена состојба, беше подигнат со горниот дел на телото. Кога го удрив настрана... не се сеќавам колку пати го удрив... се ми беше како во сон... се сеќавам дека видов многу крв, потоа, се сеќавам, ја видов мајка ми и сестра ми и им реков – го заклав... после видов група луѓе... како митинг... не се сеќавам добро на лицата, но ги слушнав гласовите кои ми зборуваа... соблечи се Ш.... смени ги алиштата, кажи дека тој самиот се заклал, сето тоа ми доаѓаше како на сон"*.

Во расплывнатото сеќавање во текот на критичниот ден обвинетата не била свесна колку факти навистина регистрирала и фиксирала во своето памтење. Делумно се поврзуваат само

неколку факти кои допираат до нејзината свест, а поради стеснетата свест, а под влијание на јакиот афект кој сега доминира, не е во состојба логично да размислува, да донесува одлуки, туку го прави она што ѝ се советува и што се бара од неа. Примитивните и наивните совети и акции, како од нејзината мајка така и од соселаните таа ги прима буквално, иако нејзината интелигенција, оценета во тестирањето на горната граница на просечноста, била присутна и во тоа време. Обвинетата во дадениот момент не била во состојба да го користи својот интелектуален коефициент, туку ги прифаќала автоматизирано налозите од околината без да биде способна да ги оттргне и да го користи своето логично размислување. Малку подоцна настанал период во кој обвинетата релативно добро се сеќава. Тоа било времето кога се качила со својата мајка и со некои други луѓе по скалите во собата и кога го видела својот татко раскрварен; *„Тогаш разбрав дека го заклав"* по што пак била како зашеметена и не се сеќавала што се случило.

И ова е многу важен дел од нејзиниот опис од што може јасно да се види што се случувало со неа во дадениот момент. Кај обвинетата се изменувале состојби, кога таа се наоѓала „како во сон" и состојби на релативно разбистрена свест. Битно е дека делото е направено под влијание на афект кое теоретски може, или да ја зголеми или пак, да ја намали телесната и душевната активност. Стравот кај обвинетата бил предизвикан од претстојната опасност по нејзиниот физички и психички интегритет и довел до исклучително јака агресивност. Во случајот на Ш. може да се зборува за степенот на афектот кој достигнал патолошки интензитет. Стравот се претвора во гнев поради претстојното физичко зло што, од своја страна, предизвикуваат кочење на интелектуалните и надразнување на моторните функции кои се манифестираат со агресивен одбранбен импулс. Душевната состојба за време на таквиот афект одговара на привремена душевна нарушеност. Под дејство на такво јако возбудување настанува стеснета свест, се зајакнуваат агресивните нагони до степен на безобѕирност.

Форензичното значење на афектот на гнев е голем. Во афект кој може да достигне и патолошки степен, може да дојде како душевно нормална така и болна личност. Разни надворешни услови и влијанија придонесуваат за интензитетот и длабочината на емоционалните доживувања. Дополнителната амнезија не е ништо друго, туку потиснување на непријатното сеќавање. Тоа е одбрана против внатрешниот конфликт, дефицит на функцијата на фиксација и репродукција, кога се сека да се заборави нешто страшно. Тоа е, истовремено и неред во сфаќањето.

Вештите лица се во состојба да констатираат дека обвинетата Ш. до вршење на кривичното дело и сега е потполно психички здрава личност. Кривичното дело го извршила под дејство на своите афективно – нагонски сили, под дејство на афектот на страв, бес и очај, предизвикано од неподносливата ситуација во која таа била ставена во критичниот момент не по своја волја. Таа во тие критични моменти не била во состојба да дејствува ладнокрвно. Начинот на кој го извршила кривичното дело покажува голема симболика; одвојувањето на главата од телото на покојниот. Делото е и тоа како крваво за да може да се објасни со поедноставни претпоставки. Убиството на татко или мајка е исклучителен чин и секогаш треба да се бараат адекватните мотиви.

Затоа вештите лица заклучија дека Ш. за време на вршењето на кривичното дело дејствувала во непресметлива состојба. Потоа во дневниот печат стоеше насловот: *„Судот ја осуди, судот ја ослободи обвинетата Ш".*

**Заклучок**

Сфаќањето на значењето на своето дело, односно способноста за расудување е клучен елемент на пресметливоста. Овде не е важен фактот што сторителот е, на пример, душевно болен, зашто кај многу душевно болни лица интелектуалниот дел од личноста е зачуван, па затоа треба да се открие дали сторителот за време на извршување на делото бил во состојба да оцени какво општествено значење има она што тој го прави, дали тоа е штетно или не, дали знае што прави итн. Тоа ќе се сознае ако се следи однесувањето на сторителот tempore criminis, или ако пред тоа и потоа се види дали самиот се пријавува или се прикрива, дали се обвинува и бара казнување, дали останува пасивен, дали планирал или не, дали од сето тоа имал корист или не.

Потоа неопходно е да се сознае дали делото е направено импулсивно или е направено „за да се спаси општеството" итн.

Способноста да се управува со своите постапки е елемент на пресметливоста. Да се управува со своите постапки значи дека лицето е во состојба да одлучува.

Меѓутоа, во психопатологијата познати се повеќе состојби и болести кај кои постојат опсесивно-компулсивни или присилни феномени и дејства на кои сторителот на кривичното дело не е во состојба да им се спротивстави, да одлучи во тој момент, односно да управува со своите постапки. Управувањето со сопствените постапки е волев момент што значи дека неспособноста да се управува со своите постапки би значело и растројство на волевата дејност.

Од анализираниот случај кој е реален и вистинит и кој е дел од нашето секојдневно опкружување можеме да дојдеме до заклучок дека за сторено кривично дело убиство како најтешко и најгрозоморно дело што човек може да го изврши врз друг човек, сторителот може да биде ослободен од вина. Иако се две различни науки преку овој случај односно судско-психијатриско вештачење можеме да согледаме колку е важна поврзаноста на правото со медицината.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

Арнаудовски Љ.(2007); Криминологија; 2 Август Штип; Скопје
Белевска Д.(2018); Здравствена психологија со психодијагностика; МЦСП; Свети Николе
Камбовски В.(2006); Казнено право – општ дел; 2 Август Штип; Скопје
Камбовски В.(2004); Казнено право општ дел; Скопје
Камбовски В. Тупанчески Н.(2011); Казнено право – посебен дел; Скопје
Камбовски В.(1982);Проблематиката на пропуштањето во кривичното право; Студентски збор; Скопје
Константинович Вилич С.(2003); Типологије убистава и убица; Зборник радова правног факултета у Нишу; Ниш
Марјановиќ Ѓ.(1982); Кривично право – општ дел; Предавања по кривично право
Новотни Љ.(1998); Судска психијатрија; НИП „Студентски збор"; Скопје